Наташа Чичевска Јованова
Славица Тодорова

# Учам да пишувам

## работна тетратка со графомоторни вежби

Сантo Стеф - С

Скопје, 2014

Почитувани наставници, драги родители,

Работната тетратка *Учам да пишувам* можат да ја користат сите дечиња - мали ученичиња коишто се во развојната фаза на претпишување. Наменета е за учениците од прво одделение во деветгодишното основно образование, но можат да ја користат сите ученици што се во оваа фаза од развојот, без разлика на одделението што го посетуваат. Создадена е во согласност со принципите за инклузивно образование, пред сè според принципот образование за сите, а и во согласност со принципот за мултиетничност - разбирање и почитување на различностите.

Конципирана е како прирачна литература што ќе им помогне на децата полека да ги совладуваат чекорите на патот кон елементарно описменување. Во тоа им помага цртаниот лик Верверичката Весна, којашто им дава упатства за работа и ги насочува учениците кон усвојување на елементарните линии и кон препознавање на буквите од азбуката, а од друга страна, на Весна ѝ е потребна помош за да ги доврши започнатите задачи, а тоа ќе биде дополнителна мотивација на децата за работа. Со колоритни слики, творечки насочени графомоторни вежби и лесни римувани стихови за поттикнување на репродуктивната и творечката фантазија, децата сигурно ќе зачекорат во светот на учењето.

Откако ќе се запознаат со начинот на држење на моливот, или боичката, следуваат графомоторните вежби кои се однесуваат на боење, поврзување, довршување на цртежот, односно доцртување на елементи од цртежот, кои се во функција на вежбање на графомоториката. Низ стиховите децата стекнуваат знаења за одржување на личната хигиена, за годишните времиња, за празниците, за книгите, се поттикнува емпатија кон другите луѓе, кон животните и растенијата, љубов кон татковината... Со извршувањето на задачите се поттикнува љубопитноста, се подобрува вниманието и концентрацијата на учениците.

Секое дете има право на образование!

Авторите

Автори:

**Наташа Чичевска Јованова**

**Славица Тодорова**

Рецензенти:

**Проф. д-р Даниела Димитрова - Радојичиќ,**
редовен професор на Институтот за дефектологија
при Филозофски факултет, Скопје

**Проф. д-р Емилија Панова - Ѓоргева,**
редовен професор на Факултетот за образовни науки, Штип

Лектор:

**Љубица Севдинска**

Графички дизајн:

**Елена Блажевска**
**Маја Манеска**




Некој пишува со десна,
а некој со лева рака
секој избира како сака,
за пишувањето
да не му претставува мака.









Есен е. Јаболката на гранките
се смеат. Берачите под
јаболкницата песни пеат.
Потребна им е скала да го
наберат родот
јаболкницата што го дала.
Помогни им, дете мило,
нацртај им скалила да се качат,
непотребно да не се мачат.



## Чадорче

За да не наврнам,
чадорче си носам,
на лошото време
така му пркосам.





## Гладното пиле

Во зимските денови ладни,
врапчињата се многу гладни.
Помогни му на врапчето Твити
да ги исколва зрнцата
што му ги подготви ти.



## Нова година

Радост голема
за секого е таа,
за годината што иде
весела да ни биде.

Среде собата
елката ми стои
најразлични украси
мама за неа крои.

Да ги нареди сите
ќе ѝ помогнам на мама,
па не може таа
сè да стори сама.

Песна ќе запеам,
желба ќе посакам:
Дедо Мраз и за мене
подарок да стави

ЗАШТО ТОЈ, ЗА ДОБРИТЕ ДЕЦА
ТАКА ПРАВИ!



**Д** е за Денот на дрвото,
оваа година и ти ќе го
засадиш првото.








ЕЛКА



ДИНОСАУРУС



ДЕЛФИН

Д



ЖАБА

Поврзи ја буквата **Д** со зборовите што почнуваат со неа!



ДРВО




На буква **Ѕ** почнува зборот ѕуница,
којашто има различни бои,
обој ја и ти
со боичките твои.





Пронајди ја и заокружи ја
буквата **Ѕ** во следниве стихови!

ЅУНИЦА
Денес в училиште
Ѕвонко малку заспа,
ѕвончето ѕвони ли, ѕвони,
а тој сонува
дека јаде бонбони.

Па се мачи,
чудни движења прави,
сака бонбоната
в уста да ја стави.




**J** е за јаболката што
Јане ги јаде, ммммм...ммммм
многу му е вкусно,
зашто Јана му ги даде.



На јаболкницата нацртај
јаболка и заокружи
ја буквата **J** во
зборовите од песничката!



**Јаболко** црвено
од **јаболкницата**
во дворот
**јадам** секој ден.
Сакам да бидам
здраво дете
како дрен.






Во дворот седи Лиле,
в скут ѝ спие едно мало пиле.
Во градината лалето цвета,
во воздухот ластовичката лета.





Следи ја стрелката и стави ја буквата на нејзиното место!




А сега прочитај: **Л А Л Е !**

# Ќ ќ

Ќамил јаде ќофте
и ќепаби многу сака,
по две-три ќе изеде,
воопшто нема мака.



Со жолта боичка, обој ги зборовите што ја содржат буквата **Ќ**, како во примерот!



РАНЕЦ



СВЕЌА



КУЌА



ЌУМБЕ

**Ц** е за цвеќињата
во дворот што цветаат
за црвената боја на балоните
во воздух што летаат!




Крукчето на местото на буквата Ц обој го со црвена боја, а со жолта боичка добој онолку кружчиња колку што има букви во зборовите!



С Р Ц Е

○○○○○○○

Ц В Е Ќ Е

○○○○○○○

С О Н Ц Е

○○○○○○○

Издавач:
**Санто Стеф - С**
santostefs@gmail.com

Наташа Чичевска Јованова
Славица Тодорова

**УЧАМ ДА ПИШУВАМ**
**работна тетратка**

Лектор:
**Љубица Севдинска**

Графички дизајн:
**Елена Блажевска**
**Маја Манеска**

Техничка обработка:
**Контура**

Печати:
**Контура - Скопје**

**Тираж:**
**2000**

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

373.32:[811.163.3:003.349

ЧИЧЕВСКА Јованова, Наташа
Учам да пишувам : работна тетратка / Наташа Чичевска Јованова. - Скопје : Санто Сеф-С, 2014. - 64 стр. : илустр. ; 24 см

ISBN 978 608 65719 0 0
1. Тодорова, Славица [автор]. - I. Јованова, Наташа Чичевска види Чичевска Јованова, Наташа

COBISS.MK-ID 96557066